Здружение на граѓани
Центар за граѓански комуникации
ЦГК
Бр 0302-143/1
19-02 2024 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
РАНКОВЦЕ

Примено: 20.02.2024			
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
25	276/1	/	/

До: Општина Ранковце

БАРАЊЕ
за пристап до информации од јавен карактер

Од: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)
Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот барам да ни ги достави следните информации од јавен карактер:

1. Име и презиме/назив на адвокати и адвокатски друштва чии услуги сте ги користеле во текот на 2023 година.
2. За секој поединечен адвокат/адвокатско друштво доставете ни ги износите на извршените исплати и основата за секоја исплата во текот на 2023 година.
3. Како е избран секој од адвокатите/адвокатско друштво чии услуги сте ги користеле?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго----------

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго----------

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Датум и место:

19.02.2024

Потпис: [redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ

Бр. 25-276/4

07. 03 2024 год.
РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), а постапувајќи по Барањето за пристап до информација од јавен карактер поднесено од [redacted] преку својот Застапник/полномошник [redacted] 276/1 на ден 20.02.2024 година во архивата на Општина Ранковце, Градоначалникот на Општина Ранковце донесе

РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] поднесено до Општина Ранковце, заведено под број 25-276/1на ден 20.02.2024 година **СЕ УВАЖУВА.**

Се констатира дека бараните информации се информации од јавен карактер и како такви ќе бидат доставени до барателот информациите со кои располага Општина Ранковце.

Оразложение

До Општина Ранковце на ден 20.02.2024 година [redacted] преку својот Застапник/полномошник [redacted] поднесе Барање за пристап до информација од јавен карактер кое е заведено во архивата под број 25-276/1, со кое бара од Општина Ранковце како информација од јавен карактер да и бидат доставени во електронски запис на е-маил следниве информации:

1. Име и презиме/назив на адвокати и адвокатски друштва чии услуги сте ги користеле во 2023 година?
2. За секој поединечен адвокат/адвокатско друштво доставете ни ги износите на извршените исплати и основата за секоја исплата во текот на 2023 годин;
3. Како е избран секој од адвокатите/ адвокатско друштво чии услуги сте ги користеле?

По разгледување на Барањето се констатира дека бараните информации се од јавен карактер и ќе бидат доставени во бараната форма и тоа информациите со кои располагаме:

1. Во текот на 2023 година општина Ранковце нема користено адвокатски услуги, нема издадено ниту едно полномошно на адвокат или адвокатски друштва за застапување на општината.
2. Во текот на 2023 година општина Ранковце нема исплаќано средства од Буџетот на општината за адвокатски услуги.

Согласно погоренаведеното Општина Ранковце одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
Ленче Добрашиновиќ

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 25-276/5
07.03 2024 год.
РАНКОВЦЕ

До
[redacted]

Предмет:Доставува информација

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање за пристап до информација од јавен карактер кое е заведено во архивата под број 25-276/1на ден 20.02.2024 година со кое барате од Општина Ранковце како информација од јавен карактер да Ви бидат доставени во електронски запис на е-маил определени информации Општина Ранковце донесе Решение со кое го усвои Вашето барање и констатира дека баранте информации се информации од јавен карактер и ве известуваме за следното.

По разгледување на Барањето се констатира дека баранте информации се од јавен карактер и ви ги доставуваме во бараната форма и тоа информациите со кои располагаме:

1. Во текот на 2023 година општина Ранковце нема користено адвокатски услуги, нема издадено ниту едно полномошно на адвокат или адвокатски друштва за застапување на општината.
2. Во текот на 2023 година општина Ранковце нема исплаќано средства од Буџетот на општината за адвокатски услуги.

Прилог: Решение

Со почит,

Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
Ленче Добрашиновиќ

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски